РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2129/2
16-10-2025 г./v.

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница, одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2129/1 од 12.08.2025 година, со наводи за сомневање за неправилности при донесување на одлука за престанок на работен однос, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Државниот инспекторат за труд.

Предметот со број 12-2129/1 од 12.08.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.08.2025 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава, во која се содржани наводи за сомневање за незаконитости при донесување на одлука за престанок на работен однос на вработено лице кај работодавачот -------- -- ----------- -------------- ------------ ---------- ---------, по која е оформен предмет број 12-2129/1 од 12.08.2025 година.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во врска со донесување на одлука за престанок на работен однос на лицето --------- --------- вработена кај работодавачот -------- -- ----------- ------------ на ------, кој бил прекинат на ден 21.07.2025 година, врз основа на член 82 од Законот за работни односи (кршење на работниот ред и дисциплина). Подносителот наведува дека во моментот на донесување на одлуката за престанок на работниот однос, се наоѓала на уредно пријавено боледување поради времена спреченост за работа во согласност со член 149 од Законот за работни односи за што бил запознаен работодавачот. Подносителот на пријавата смета дека мотивот за донесување на оваа одлука е одмазда поради одбивање на подносителот да постапи по незаконити наредби од работодавачот, при тоа искористувајќи ја моменталната состојба на бременост како дополнителен мотив за негово отстранување од работното место, а воопшто не била известена за поведена и спроведена дисциплинска постапка против неа. Се укажува дека во спроведената отказна постапка била направена суштествена повреда на Законот за работни односи, а воедно одлуката не била уредно доставена до странката, со што и било оневозможено правото на приговор.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Државниот инспекторат за труд. Имено, согласно член 256 став 1 од Законот за работните односи, 7 надзор над примената на овој закон, прописите за вработувањето и другите прописи од областа на трудот, колективните договори и договорите за работа со кои се уредуваат правата и обврските на работникот и работодавачот од работниот однос и други договори со кој е определен надоместок за извршената работа во износ повисок од износот на минимална плата утврдена со закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на инспекцијата на трудот.

Со оглед наведеното ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц.,Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш., Член на ДКСК
Доставено до
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut